


ТИКВЕШ

# Веритас

јуни 2011 бр. 11

**ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРИЈАТЕЛИТЕ НА ВИНАТА НА ТИКВЕШ**


- УЖИВАЊЕ ПО НАПОРНИОТ РАБОТЕН ДЕН
- ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКА ТРАДИЦИЈА ВО СРБИЈА
- *Classic* ВИНАТА СЕКОГАШ СО ВИСТИНСКИТЕ ВРЕДНОСТИ
- СЛАВЕЊЕ НА ХРАНАТА И ВИНОТО
- SAUVIGNON BLANC - ВИНО СО ОСОБЕН СТИЛ И ПРЕФИНЕТ ВКУС
- ВИНСКА ЛЕКЦИЈА #1 – ТЕРОАР


Минатиот јуни на македонскиот пазар го лансиравме виното Muscat Ottonel од серијата „Барово чисти сорти“, а една година подоцна, во пресрет на летото, линијата ја прошируваме со уште две нови бели вина, и тоа Rkaciteli и Sauvignon Blanc. И овие вина се произведени од грозје одгледувано на строго контролирани лозови насади со заштитено географско потекло. Сите вина од оваа серија спаѓаат во групата суви вина, а се произведуваат во лимитирани количини.

## НАГРАДИ ЗА *„ВРВНОТО ОД МАКЕДОНИЈА“*

На најпрестижните светски натпревари нашите вина освоија многубројни награди и признанија за квалитет. Во Франција, на специјализираниот натпревар за Шардоне вина - Chardonnay du Monde, нашето Chardonnay Limited Edition од бербата 2010-та освои сребрен медал, во конкуренција од 914 врвни вина од 38 земји во светот. Во Лондон, на познатите вински манифестации, International Wine Challenge и Decanter, се натпреварувавме со производителите на најквалитетните вински сорти и освоивме вкупно 8 награди, а 11 наши вина беа истакнати од страна на натпреварувачките комисии како особено квалитетни. Chardonnay Special Selection 2010, Kratošija – Cabernet Sauvignon 2010, Cabernet Sauvignon Special Selection 2010 и Temjanika Special Selection 2010 добија бронзени одличја на International Wine Challenge, а на натпреварот Decanter сребрена награда доби нашата Temjanika Special Selection, додека бронзени освоија вината Bela Voda, бело и црвено, и Barovo бело, сите од бербата од 2010 година. Успехот што континуирано го постигнуваат нашите вина на значајните светски манифестации е најдобрата препорака за нашите консументи и ни обезбедува значајно место во рамките на светската винска индустрија.

*Почитувани читатели,*

*Сакаме со Вас да споделиме убави и значајни моменти за нас, а особено сме горди на успехот што го постигнаа нашите вина на светски значајни манифестации, натпреварувајќи се со најквалитетните сорти од целиот свет. Тој резултат го зацврснува нашето место во светската винска индустрија, а нашите производи оправдано се сметаат за „Врвното од Македонија“ и се најнаградуваните во регионот и пошироко.*

*Нашата традиција да поддржуваме и да учествуваме во настани во кои е олицетворена нашата култура продолжува. Во Белград бевме дел од „Деновите на македонската традиција“, во Скопје ги поддржавме „Деновите на македонската музика“, а линијата на Classic вина ги поддржа вредностите кои се значајни и вон времето и просторот во кои се создадени.*

*Од овој број, на последната страница започнуваме и со винска едукација низ форма на мали вински лекции и вински речник.*

*Во ова издание на нашиот „Веритас“ Ви го претставуваме Sauvignon Blanc, вино со особен стил и вкус.*

*На здравје!*

## УЖИВАЊЕ ПО НАПОРНИОТ РАБОТЕН ДЕН

Во опуштена атмосфера и добро расположение, со чаша врвно вино завршуваше работниот ден на многубројните гости кои беа на нашите after work забави во попладневните часови во култните скопски кафулиња, „Круг“, „Бастион“, „Култ“ и „Нана“. Вино за релаксација по напорниот ден, беше главната мотивација за присуство. Гостите доаѓаа со добра волја за уживање и накратко заборавааа на работните обврски. Нашите вина беа дегустирани со вкусни закуски, а најмногу се консумираше Alexandria Cuvée. Дали ќе бидете дел од ваквите забави кои секако ќе продолжат и во иднина, зависи од вашиот капацитет за уживање и желба за релаксација.



## ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКА ТРАДИЦИЈА ВО СРБИЈА




Во Белград, за прв пат се одржаа „Денови на македонската традиција“, претставени со нашите врвни вина и ракија, кулинарски специјалитети од нашето поднебје и изворна музика. Манифестацијата ја отвори нашиот амбасадор во Република Србија, Љубиша Георгиевски, заедно со културниот аташе Васил Хаџиманов, а многубројните гости уживаа во единствените вкусови кои потекнуваат од нашата земја.

Бевме генерален покровител на манифестацијата со цел таа да стане традиционална. Иницијативата за нејзиното одржување беше на ресторанот „Ковач“ од Белград, а се реализираше во соработка со ресторанот „Стара куќа“ од Скопје.

# CLASSIC ВИНАТА СЕКОГАШ СО ВИСТИНСКИТЕ ВРЕДНОСТИ

Вредностите кои го надминуваат времето и просторот во кој се создадени заслужуваат посебно внимание.
Оттаму, не случајно нашите Classic вина, кои и самите претставуваат вистинска и потврдена вредност, ги поддржуваат неповторливите и единствени настани во културата и уметноста. Classic вината, овој пат, беа дел од изложбата на основоположникот на македонската ликовна уметност, големиот сликар Лазар Личеноски, која се одржа по повод 110-годишнината од неговото раѓање, во Националната галерија на Македонија. Во ребрендираната линија на Classic вината можеа да уживаат и посетителите на можеби најзначајната музичка манифестација посветена на творештвото на македонските композитори, „Денови на македонската музика“. Classic вината им овозможија задоволство и на гостите кои дојдоа во Кинотеката на Македонија, на отворањето на урбаната и култна манифестација Скопски филмски фестивал. Нашите вина се продаваа и во преполнетата Метрополос арена, на концертот на Пол ван Дајк.



На истото место го поддржавме и концертот на култниот балкански автор Горан Бреговиќ, кој го промовираше својот албум „Шљивовица и шампањско“. Го поддржавме и концертот на младата мецосопранка Ивана Андоновска Свилар, која благодарение на различниот и уникатен пристап внесе свежина во операта.
Подмладената и освежена линија на нашите квалитетни Classic вина и во иднина ќе биде секаде каде што ќе има настани вредни за одбележување и помнење.

# СЛАВЕЊЕ НА ХРАНАТА И ВИНОТО

Во организација на Меѓународното здружение на жените учествувавме во аукцијата која по деветти пат се одржа во хуманитарни цели, а посетителите уживаа во квалитетните вина и сирења на 11 македонски винарници и 7 производители на сирења.



„Врвното од Македонија“ беше дегустирано и со тајните на италијанската и на шпанската кујна, во светот на зачините и превкусните француски сирења на Гурман фест, што во мај се одржа на плоштадот „Македонија“. Секогаш сме присутни таму каде што се слави добрата храна и виното.



# SAUVIGNON BLANC

## ВИНО СО ОСОБЕН СТИЛ И ПРЕФИНЕТ ВКУС

За луѓето со стил и префинет вкус, Sauvignon  Blanc е вистинскиот избор во летните месеци.

Ова вино претставува идеална комбинација на францускиот и стилот на Sauvignon  Blanc од новиот свет со специфичностите на локацијата каде го одгледуваме грозјето за негово производство.

После неколку години истражување ја пронајдовме вистинската локација за одгледување на грозјето кое дава вино со одлични карактеристики. Тоа е малото парче земски рај – Барово. Иако грозјето за ова вино најдобро успева во поднебја со студена клима, Барово со своите топли денови но студени ноќи и надморската височина од 600 м² се покажа како идеална локација за уште едно вино од серијата „Барово чисти сорти“, вино кое секако може да го носи епитетот „Врвно од Македонија“.

Sauvignon Blanc е суво бело вино богато со ароми. Во него можете да ги препознаете аромите на диња, кандирано и тропско овошје. Се одликува со златнозелена боја како и свеж, минерален и хармоничен вкус идеален за летните денови кои следат. Свежината и сортните карактеристики на виното се резултат на процесот на обработка на грозјето кој се врши во инертни услови без присуство на кислород.

Sauvignon  Blanc од бербата од 2010 година е произведено во ограничени количини од 6.500 шишиња.

Виното се служи на температура од 10-12°C. Најдобро се комбинира со морски плодови, риба и медитерански салати.



## ВИНСКА ЛЕКЦИЈА #1

**Тероар (на француски - terroir)** ги објаснува уникатните карактеристики на одредено  место кои влијаат на вкусот и квалитетот на виното произведено од грозје кое се одгледува на тој специфичен локалитет. Овој израз се користи многу често во индустријата за вино и се однесува на комбинацијата на влијанието на природните елементи: почва, клима и топографија. Токму овој назив го користиме раскажувајќи за вината на ВВ Тиквеш кои потекнуваат од специфични микролокации, како Барово и Бела Вода, каде што природата создала единствени услови за одгледување одредени сорти грозје. Овие природни погодности се искористени за производство на вина со неповторлив карактер и вкус.